

Градот Богданци се наоѓа во источниот дел на Гевгелиско-валандовската котлина, односно областа Бојмија, на патот помеѓу Гевгелија и Дојран.

Бојмија е историско-географска област во јужниот дел на Република Македонија и северна Егејска Македонија. Бојмијата ги опфаќа селата околу градовите Валандово и Гевгелија во Македонија, и Бојмица и Гуменџе во Егејска Македонија.

Народните носии од Бојмија биле носени во селата по течението на реката Вардар, околу градот Гевгелија.

Женска носија

Кај женската празнична и невестинска носија од овој предел се забележливи: антерија од пругасто шарена домашна ткаенина, ткаен појас и еднодиплена декоративно орнаментирана скутина наречена дипла. Додатните украсни крпи, како и специјалната капа украсена со природни и вештачки цвеќиња, многу накит, монистрен и метален, како и други украси, на оваа носија и придаваат посебен специфичен белег.

Анализата на одделните облеки од составот на празничната женска и обредната машка носија укажува на зачувани далечни траги од старобалканската и старословенската културна традиција, со примеси на елементи од византискиот и ориенталниот начин на украсување.

Машка носија

Посебно е интересна обредната машка носија наречена русалиска. Русалии се мажи облечени во специјална народна носија кои изведуваат обредни игри со магиска содржина, и тоа само во деновите од 6 до 15 јануари, наречени од народот „Некрстени дни“. Оваа носија со обредна намена се состои од платнена кошула и фустан - бело платнено, многу набрано здолниште, кое се носи преку белите клашнени ногавици - сиври на горниот дел на телото се носи елек од пругасто - шарена волнена ткаенина, врз кој се носат украсни додатоци и декоративно орнаментирани крпи. Волнени црвени чорапи, со многу вплетени геометриски мотиви и опинци го оформуваат обувањето на

нозете. Оваа декоративна носија е дополнета со дрвена сабја – алачка, што играорецот русалија ја држи во рака, а при изведувањето на обредната игра замавнува со неа, со цел да ги растера и уништи лошите демони.